Бр. ________
________ год.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење во однос на тоа дали, во ситуација кога едно лице е именувано од страна на Собранието на РСМ да извршува две функции во исто време и тоа: член на Комисијата за заштита на конкуренцијата и член на АЕК со соодветен надоместок, е во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019), го издаде следново:

**М И С Л Е Њ Е**

Државната комисија извести дека, согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси лицето од побараното мислење е службено лице кое извршува јавни овластувања или службени должности, по што должно е да внимава на евентуален судир на интереси и не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Во член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидена забраната за вршење на други дејности кај службените лица, односно:

*„Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител* ***и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија****, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа* ***се неспојливи една со друга****.“*

Имено, лицето кое е член на Комисијата за заштита на конкуренцијата, **не може** истовремено да биде и член на Агенцијата за електронски комуникации, затоа што двете функции се неспојливи една со друга и настанува повреда на горе цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk